**20211492462**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗА ОСНОВНИТЕ БЕЛЕЗИ НА КОВАНИТЕ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 5 ДЕНАРИ

1. Со оваа одлука се утврдуваат основните белези на кованите пари во апоен од 5 денари, што ги издава Народната банка на Република Северна Македонија.

2. Кованите пари во апоен од 5 денари се изработуваат од челик обложен со два слоја, од кои првиот слој е изработен од бакар, а вториот од легура на бакар и цинк.

3. Кованите пари во апоен од 5 денари се изработуваат со пречник од 27,50 мм, дебелина од 1,80 мм и тежина од 7,20 грама.

За секоја кована пара е дозволено отстапување од 0,05 мм над или под пречникот утврден во став 1 на овој член, 0,08 мм над или под дебелината утврдена во став 1 на овој член, а за тежината е дозволено отстапување до 0,40 грама над или под тежината утврдена во став 1 на овој член.

Рабовите на кованите пари се мазни.

4. Кованите пари во апоен од 5 денари се со следниве белези:

- на предната страна (аверс): во средината со бројка е испишан бројот „5“, а под него полукружно е испишан зборот „ДЕНАРИ“. Во горната половина на парата, полукружно се прикажани шеснаесет зраци во четириаголна форма. Бројот „5“ лежи на зраците;
- на задната страна (реверс): во средината е гравиран рис кој живее во западните делови од државата, а околу него во кружна форма е испишано „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“. Во долниот дел полукружно е испишана годината на ковање.

5. Кованите пари во апоен од 5 денари издадени согласно со Одлуката за издавање, апоенска структура и основните белези на кованите и книжни пари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/93) се и понатаму во оптек.

6. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/IX-4/2021
30 јуни 2021 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.